**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ – СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ОД ИЗВРШЕНА ИНТЕГРАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА ВО
# ООУ „Димитар Миладинов”- Скопје

**Февруари**
**2024 година**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број. 09-1324/3
29.02.2024

| **ООУ ,,Димитар Миладинов”, Општина Центар – Скопје** | |
|---|---|
| **Конелчен извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 27, 28 и 29.11.2023 година |
| **Број на извештај:** | 27/Скопски /2023 година |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Јасмина Аврамовска |
| **Вид на училиштето:** | Основно |
| **Подрачни паралелки: /** | нема |
| **Основач на училиштето:** | Општина Центар |
| **Наставен јазик:** | Македонски наставен јазик |
| **Број на ученици:** | 594 |
| **Полова структура на ученици:** | 326 машки и 268 женски |
| **Број на наставници:** | 50 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Бисера Мајсторов |
| **Директор на училиштето:** | Марија Варсамис Симоновска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 26 до 28.03.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Бул.„Кочо Рацин“ број 17, 1000 Скопје |
| **Телефон:** | 02 3161 448 |
| **Факс:** | 02 3114 216 |
| **e-mail:** | ou-dimitarmiladinov-centar@schools.mk |
| **Оценка ИЕ** | **Добро 3.26** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ број 86/2006 година).

## РЕЗИМЕ

Во согласност со Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветната инспекција од 27, 28 и 29.11.2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во ООУ “Димитар Миладинов“, Општина Центар - Скопје. Целта на интеграланата евалуација е да се оцени квалитетот на воспитно - образованиот процес во училиштето, како и примената на законите и подзаконските акти. Во процесот на интегралната евалуација се изврши и вреднување на исполнетоста на работните обврски на наставниците и стручните соработници, вработени во училиштето.

Подготвителната фаза од интегралната евалуација е спроведена од раководителот на инспецискиот тим, со посета на училиштето и прибирање на сите потребни документи во кои се содржат податоците за работата на училиштето.

За време на надзор, тимот ги спроведе сите планирани активности: посета на наставни часови, состаноци со директор на училиште, со стучни соработници, со Училишен одбор, со Совет на родители, со ученички парламент, разговори со фокус група на ученици и наставници по стручни активи и членови на тим кои учествувале во изготвување на самоевалуацијата на училиштето.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на интегралната евалуација, разговорите водени со различните фокус групи, посетените наставни часови и анализата на претходно доставените прашалници, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ “Димитар Миладинов “, општина Центар - Скопје, се оценува со **добро[1] (3,26).**

Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Бирото за развој на образованието на Република Македонија, донесени од Министерот за бразование и наука. Во училиштето се реализира програма од проектот „Изучување на рускиот јазик од најрана возраст“ за учениците од прво до петто одделение како втор странски јазик по избор на ученикот, како и реализација на проектот Билингвална настава во рана детска возраст - проект за соработка, поддршка на наставата за рано изучување на францускиот јазик во Македонија, како дел од Франкофонијата.

Училиштето во целост ја почитува процедурата при избор на изборните наставни предмети кои ги изучуваат учениците. Изборот се врши преку анкетирање, при што на анкетниот лист се нудат наставните предмети од листата на изборни предмети предложени од Бирото за развој на образованието.

Училиштето има воспоставено процедури за информирање на родителите, учениците и училишните тела за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат. Информирањето го спроведува на почетокот на учебната година на состанокот со родителите, преку изготвување на брошура, училишен информатор, веб страна на училиштето, а исто така ја посочуваат и веб страната на Бирото за развој на образование.

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности, што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој. Поголемиот број постигнати награди, признанија, пофалници на сите нивоа, се резултат на реализацијата на воннаставните активности.

Среден успех на постигањата на учениците на училишно ниво, последните три учебни години е континуирано одличен (4,92). Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и се превзема активности за нивно подобрување.

Поголем дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби, избирајќи активности соодветни на нивните интереси и можности. Учениците редовно учествуваат на организирани натпревари на општинско, регионално и државно ниво и имаат освоено голем број награди, пофалници, пехари и дипломи.

Целокупната активност за реализација на воспитно - образовниот процес се одвива со динамика предвидена во Годишната програма за работа на училиштето. Во училиштето има пропишани процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата. За успешна реализација на наставните планови и програми сите наставници имаат изготвено годишни и тематски планирања во електронска и пишана форма. На посетените часови

---

Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

наставниците користеа дневно оперативен план за наставен час или сценарио за час и на голем број од посетените часови имаше примена на информатичко - компјутерска технологија (ИКТ).

Задачите што се работат во училиште или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Училиштето има дефинирана политика за оценувањето во која основна цел е да го поддржи учењето на секој ученик и има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца.

Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училишниот објект е осигуран. Во училиштето има обучен кадар за давање прва помош на учениците при несреќни случаи. Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните што се сметаат за психичко и физичко насилство.

Училиштето има програма за превенција од заразни болести. За учениците училиштето организира систематски прегледи согласно со Националната програма за здравствен а заштита и сите вработени редовно вршат систематски и сантирни прегледи согласно со прописите за здравствена заштита.

Училиштето има Кодекс на однесување на учениците, наставниците и родителите, има и куќен ред за однесување на сите вработени. Во истите еднакво се третираат сите ученици без разлика на социјалните, половите, етничките и интелектуалните разлики. Дисциплината на учениците во училиштето е добра. Училиштето има добро развиен систем за промовирање на личните постигањата на учениците и ги промовира еднаквоста и правичноста, односно го прифаќа и промовира мултикултурализмот. Презема активности за соработката со родителите која се базира врз размена на информации, консултации и партнерски однос. Училиштето има добра соработка со локалната заедница.

Постапките во врска со финансиското работење во училиштето, се спроведуваат добро и во согласност со законските норми. На почеток на годината училиштето изготвува финасов план за тековната година и план за јавни набавки, а на крајот на годината се изготвува завршна, годишна сметка. Поголемите инвестициони вложувања во училиштето се спроведуваат со постапки за јавни набавки, а за спроведување на истите се задолжени комисии.

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и статутот на училиштето. Сите членови на училишниот одбор се со важечки мандат. Присуството на состаноците е редовно, со кворум за работа од претставниците на сите структури. Работата е транспарентна за сите структури во училиштето. Училишниот одбор редовно го следи начинот на стекнување на средства, одлучува во рамките на своите надлежности за дополнително стекнување на средствата и наменско трошење на буџетот.

Директорот на училиштето ефикасно ја планира, следи и унапредува работата на училиштето преку транспарентно тимско работење и распоредување на одговорностите на сите субјекти во училиштето. Фокусот на работењето на директорот е подобрување на наставниот процес и условите за работа, одржување на позитивна климата во училиштето и афирмирање на училиштето.

Работата на училиштето е уредена со Статут на училиштето со дел бр.01-576/2 од 30.11.2020 година донесен на училишен одбор. Има Решение за давање согласност за изменување и дополнување на Статутот на училиштето одобрено од страна на Министерството за образование и наука со Решение бр.УПП 18-7376/2 од 07.07.2022 година.

Училиштето, преку тимско работење има изготвено Самоевалуација за период на учебна 2021/2022 и 2022/2023 година, заведена со дел.бр.02-520/1 од 28.08.2023 година.

Училиштето има изготвено Развојна програма за период од 2022 до 2026 година со бр.02-23 од 08.02.2022 година, која ги содржи приоритети за развој на училиштето во наредните четири години, а истата е усвоена од Училишен одбор. Во Програмата за развој на училиштето поставени се три стратешки цели:

1. Подобрување на условите за работа и престој во училиштето

2. Унапредување на процесот на демократско учество на учениците во планирањето и реализацијата на воспитно-образовниот процес, согласно концепциските принципи и
3. Унапредување на процесот на професионален развој на наставниот кадар.

Покрај стратешките цели испланирани се развојни и конкретни цели и активности.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа со бр.01-448/1 од 12.07.2023 година, усвоена од Совет на Општина Центар.

Училиштето ги подобрува политиките за меѓуетничка интеграција, со нагласување на вредностите во визијата на училиштето и со реализација на Програма за меѓуетничка интеграција во образованието. Партнер училиште им е ООУ „Мустафа Кемал Ататурк“, с.Количано, Општина Студеничани – Скопје.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето има регистриран училишен спортски клуб ,,Димитар Миладинов“ - Скопје, регистриран во Централен регистар на Република Македонија, под бр.30120210013868 од 26.04.2021 година. Училишниот спортски клуб е активен.

Училиштето има мисија, визија, свое мото и свое лого. Училишниот објект и опрема се осигурани. Средствата за осигурување се обезбедени од основачот. Училишниот објект е осигуран од основачот, општина Центар со полиса бр.08000082461 од А.Д. Осигурителна полиса-Национална групација за осигурување, со важност до 12.05.2024 година.

Училиштето има формирано Инклузивен тим од седум члена со Одлука бр.02-505/2 од 29.06.2023 година.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ ,,Димитар Миладинов “, општина Центар - Скопје се наоѓа на булеварот „ Кочо Рацин“ број 17 во Скопје. Воспитно-образовната дејност во училиштето е верифицирана со Решение бр. 10-4291/3 од 01.12.1999 година од страна на Министерството за образование и наука. Денес носител на основачките права на училиштето е општина Центар. Училиштето е регистрирано во Централниот регистар на РМ со ЕДБ 4030973151992 и ЕМБС 4062230.

Наставата во училиштето се изведува на македонски наставен јазик. Во учебна 2023/2024 година во училиштето се едуцираат вкупно 594 ученици, распоредени во 25 паралелки. Наставата се реализира во една смена, а за учениците од прво до четврто одделение се организира со продолжен престој (односно целодневна настава од прво до трето и за четврто одделение се организира продолжен престој со ученици од различни паралелки).

Училиштето е изградено од 1954 година и претставува објект од цврста градба со подрум, приземје и три ката со вкупна внатрешна површина од 6.417 м2, со потребните простории за изведување на настава. Приклучено е на електрична, водоводна и канализациона мрежа, како и на централно греење. Градено е наменски, добро е сочувано и ги задоволува условите според нормативот за простор. За изведување на воспитно-образовниот процес во училиштето има вкупно 33 простории за настава, од нив 17 кабинети и 16 училници, фискултурна сала, библиотека со читална. Големината на училниците соодветствува на бројот на учениците во паралелките. Училиштето располага со просторија за исхрана (кујна со трепезарија), свечена сала и базен. Свечената сала во одделни периоди се користи за реализација на наставата по физичко и здравствено образование за учениците од одделенска настава. Базенот е во функција, кој по добиена согласност од основачот е даден под закуп на Глобус Евент ДООЕЛ Скопје - Скопје, а секоја сабота, учениците можат бесплатно да го користат со тренер од 10:00 до 14:00 часот. Училиштето е даночен обврзник и сите термини за услугите кои ги издава училиштето (храна, ужинки, курсеви, екскурзии и сл.) се бесплатни за децата од социјален ризик во текот на школувањето. Издавањето на просторот под закуп е согласно законските

регулативи, а добиените средства се контролирани од општина Центар и наменски се користат.

Училишниот двор е ограден и хортикултурно уреден. На површина од 3.802 м2 има спортски терени за кошарка, фудбал и одбојка и повеќенаменски спортски балон за зимски услови. Просторниот капицитет целосно е икористен за изведување на настава и вонннаставни активности. За реализирање на наставните часови со примена на информатичко-компјутерска технологија, како и непречено одвивање на наствата по новата Концепција за учениците од прво до шесто одделение, наставниците користат смарт табла и фиксни ЛЦД проектори.

Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес. Воспитно образовната работа во училиштето ја изведуваат 50 наставници (46 жени и 4 мажи), на кои матично им е ова училиште, раководен кадар, четири стручни соработници (педагог, психолог и двајца библиотекари). Има три наставници кои надополнуваат часови во ова училиште, а имаат друго матично училиште. Еден од наставниците е приправници и за него е определен наставник со звање-ментор. При изборот на наставниот кадар не е констатирана родова или друга дискриминација. Стручната служба им дава поддршка на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручната служба има програми за работа во кои планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците и наставниците и е секогаш отворена за соработка. Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и на локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето.

# 1 Наставни планови и програми

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Наставниот процес во ООУ„Димитар Миладинов“-Општина Центар се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. По наставните предмети математика, природни науки, физика, хемија и биологија наставата се реализира според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ одобрени од Бирото за развој на образованието. Содржините во поголемиот број наставни програми, овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Во паралелките од прво, второ, трето, четврто, петто и шесто одделение, воспитно – образовната работа се остварува според Концепцијата за основно образование донесена со Решение Бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година, од Министерот за образование и наука.

Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела, за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат, вклучително и за програмите што се однесуваат за интегрирано образование. Информирањето го спроведува на почетокот на учебната година на првата родителска средба, преку изготвување на брошура, преку веб страната на училиштето, а исто така ја посочуваат и веб страната на Бирото за развој на образованието.

Во училиштето има ученици со посебни образовни потреби, 2 кои се со добиена стручна проценка на функционалности според МКФ од кои, согласно со проценката, еден ученик работи според модифицирана програма и за него е обезбеден образовен асистент од Основното училиште со ресурсен центар „Иднина“, а еден ученик е со општа поддршка, за кој е обезбеден личен асистент од страна на Општина Центар. За два ученика кои се со извештај од релевантна институција (Завод за ментално здравје на деца и младинци) не се изготвува ИОП, но се работи со диференциран пристап. Само за еден ученик формиран е Инклузивен тим за ученик, а родителите се дел од тимот и се вклучени во изработка на модифицираната програма, со што се обезбедува нивна целосна информираност. Во однос на работата со децата со посебни образовни потреби, во училиштето е обезбедена стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор, кој еднаш неделно е присутен во училиштето, а останатите дополнува во друго училиште во општината. Согласно со дидактичките упатства добиени од специјалниот едукатор и рехабилитатор наставниците

ги прилагодуваат целите од наставната програма според посебните образовни потреби на учениците, со цел да постигнат најмногу што можат.

Училиштето по наставен план, согласно концепцијата и водичот за слободни изборни предмети на учениците нуди слободни изборни предмети од четирите категории кои ученикот ги избира во текот на една учебна година, еден во прво и еден во второ полугодие, а за учениците од прво до трето одделение слободните изборни предмети се реализираат како слободни активности. Училиштето за учениците од седмо до деветто одделение нуди три изборни предмети според наставниот план. Се врши анкетирање на крајот на секоја наставна година. На анктниот лист се нудат како избор три изборни предмети определени според кадарот со кој располага училиштето. Училиштето ја почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите. За учениците од други националности училиштето нуди изучување на мајчиниот јазик, но до сега нема пројавено интерес за истото.

Во ООУ„Димитар Миладинов“-Општина Центар се планира и реализира проширена програма. Во училиштето се реализира проширена програма за ученици од иста паралелка со која се опфатени сите ученици од прво до трето одделение. Реализирањето на продолжениот престој е во согласност со Упатството за настава во продолжен престој на ученици од иста паралелка донесено од Министерот за образование и наука. За учениците од четврто одделение се организира продолжен престој за ученици од различни паралелки. Исто така се организира и прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршување на редовната настава, во согласност со родителот, односно старателот. Прифаќањето и заштитата на учениците ја врши одделенски наставник, според изготвен распоред за дежурства.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Во таа насока, потпишан е Меморандум за соработка со ООУ „Кемал Ататурк“ – Општина Студеничани. Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Училиштата тоа го постигнуваат преку меѓусебна реализација на заеднички активности.

Постојат примери на соодветно вградени особености на локалната средина, во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Училиштето редовно се вклучува во разновидни акции, организирани од локалната заедница, хуманитарни акции,спортски натпревари,организирани посети на општината и слично.

Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети, при што истиот повеќе е застапен во одделенска настава, а помалку застапен е по наставните предмети во предметна настава.

Училиштето има разработени насоки за интегрирање на меѓупредметните цели, поголемиот дел од наставниците, насоките ги почитуваат и ги применуваат.

Училиштето писмено до надлежен орган не покренува иницијатива за изменување и дополнување на наставните планови и програми.

## 1.3 Вонаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците. Организирање на заеднички воннаставни активности со партнер училиштето е добро.

Учениците се вклучуваат во воннаставните активности, според сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во воннаставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции. Изборот се врши преку анкетирање на учениците, а групите најчесто се хетерогени (од различни паралелки). Училиштето во воннаставните активности ги вклучува и учениците со посебни образовни потреби. Препораките на наставниците се клучни при планирањето на содржините и активностите.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации, конкурси и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно ниво. Во последните три учебни години училиштето освоило 521 награда од кои:  254 награди на општинско ниво( 83 први места, 86 втори и 85 трети места); 162 награди на регионално ниво (72 први места, 48 втори места и 42 трети места), 81 награда на државно ниво (29 први места, 24 втори места и 28 трети места) и 24 меѓународни награди ( 12 први места, 7 втори места и 5 трети места). Училиштето се стекнало со медали, пехари, дипломи, благодарници и пофалници.

Учениците и наставниците работат на повеќе проекти: Поддршка на наставата по француски јазик, Изучување на рускиот јазик од најрана возарст, проект GLOBE, E Twining. За афирмирање на вонннаставните активности, училиштето користи повеќе медиуми како социјални мрежи, веб страната на училиштето и изработка на електронска книга за училиштето по повод патрониот празник.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на вонннаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. Согласно со донесената Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/2024 година, по одобрување на програмата за екскурзии од Бирото за развој на образованието, Советот на Општина Центар и Советот на родители, тековно се реализираат дел од предвидените ученички екскурзии.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето со Решение бр. 30120210013868 од 26.04.2021 година донесено од Централниот регистар на РМ, има регистриран училишен спортски клуб „Димитар Миладинов" - Скопје кој е активен.

# 2. Постигања на учениците

## 2.1 Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците според пол и националност по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по години и паралелки и презема активности за нивно подобрување.

Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година е 4,96; во учебната 2021/2022 година е 4,91 и во учебната 2022/2023 година е 4,90. Средниот успех за последните три учебни години изнесува 4,92.

Училиштето има систем за детектирање и поддршка на учениците кои имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици, како и на учениците со пречки во развојот и континуирано го следи нивниот напредок.

Поголем дел од наставниците им даваат поддршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби, избирајќи активности соодветни на нивните интереси и можности. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите предмети за учениците кои имаат тешкотии во учењето и додатна настава за учениците кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области.

Училиштето организира заеднички активности со ученици од мешан етнички состав во рамките на училиштето и со партнер училиштето ООУ „Кемал Ататурк“ - Општина Студеничани.

## 2.2 Задржување / осипување на ученици

Постои утврдена реонизација донесена од Советот на Општина Центар за запишување на учениците во основните училишта на територијата на општината. Училиштето обезбедува услови за запишување на сите деца од својот реон, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Согласно со законската регулатива, училиштето има формирано Комисија за запишување на деца во прво одделение, доставува покани до родители, врши посети на семејства, посета на градинки, остварува соработка со надлежни институции, со локалната заедница и со граѓански организации. Училиштето квартално ги ажурира податоците за запишаните ученици и ги известува надлежните институции.

Училиштето има изграден систем на вклучување на претходно осипани ученици или ученици повратници во наставниот процес. Во последните три учебни години нема вакви случаи. Во училиштето има воспоставен систем за прибирање на податоци за опфатот на ученици при преминот од основно во средно образование. Во училиштето нема осипување при премин во средно училиште.

Училиштето ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Вкупниот број на изостаноци на ниво на училиште во учебната 2020/2021 година изнесува 1626, од кои 42 изостаноци се неоправдани или 0,07 изостанок по ученик. Во учебната година 2021/2022 година, вкупниот број на изостаноци изнесува 12634, од кои 196 изостаноци се неоправдани или 0,30 неоправдани изостаноци по ученик. Во учебната година 2022/2023 година вкупниот број на изостаноци изнесува 16439, од кои 385 изостаноци се неоправдани или 0,61 неоправдани изостаноци по ученик. Училиштето ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Соработува со родителите, локалната самоуправа и граѓанските организации за да ја зголеми редовноста на учениците во наставата.

Согласно со утврдените потреби и изготвен план, се реализираат советувања со родители и ученици, за кои води уредна евиденција. Советувањето во училиштето го врши училишниот психолог. Во училиштето се врши анализи на резултатите од советувањето.

Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. При преминот во друго училиште, ги доставува информациите за воспитно – образовниот развој на ученикот, а при прием на ученик од друго училиште ги бара истите информации и ги зема предвид при понатамошната образовна работа со ученикот. Во последните три учебни години, вкупно 32 ученици се испишале од училиштето поради промена на местото на живеење или заминување во странство, а 34 ученици се запишале во ова училиште.

## 2.3 Повторување на ученици

Од увидот направен во училишната евиденција, односно од извршените анализи за постигањата на учениците на крајот од учебната година, констатирано е дека, во последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале годината.

Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор доколку има незадоволство од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

# 3. Учење и настава

## 3.1 Планирања на наставниците

Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а дневно оперативните планови и сценаријата за час континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на директорот и стручните соработници. Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието, обезбедува поддршка на наставниците за вградување на цели од образование за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, во планирањата на наставниците. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на индивидуалните образовни програми за децата со посебни образовни потреби и остварува соработка со Основното училиште со ресурсен центар „Иднина“ и други релевантни институции. Во една учебна година, најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од страна директорот и стручните соработници.

Сите наставници навремено ја планираат редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Имаат годишни, тематски планирања, неделни планирања и дневно оперативен план или сценарио за наставен час, односно годишни и тематско процесни планирања. Планирањата ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на часот, но кај поголем дел од нив недостасуваат диференцирани активности за работа со талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат. Наставничкиот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Наставникот со звање наставник ментор има изготвено програма за работа со наставникот приправник.

Наставниците разменуваат искуства и идеи во рамки на стручните активи, во соработка со наставници од други училишта, наставниците од одделенска настава за изработка на планирањата дискутираат на стручните активи и најчесто заедно ги изработуваат, додека наставниците од предметна настава, своите планирања ги изработуваат индувидуално.

Распоредот на часови е направен според наставниот план земајќи ги во предвид просторните и кадровските можности на училиштето. Училиштето изработува распоред за додатна и дополнителна настава кој е истакнат на видни места и се реализира според предвидената динамика и согласно потребите на учениците.

## 3.2 Наставен процес

Во текот на интегралната еваулација извршена е посета на наставен час кај поголем број од наставниците, кои користат разновидни форми и методи што соодветствуваат на потребите и можностите на учениците и нивните стилови на учење. Поголем дел од наставниците користат добро испланирани и соодветни методи за работа со учениците најчесто индивидуално или заедничка работа со целата паралелка, а поретко во парови или во групи. Наставниците главно користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците. Од посетата на часовите констатирано е дека наставниците поретко применуваат наставни техники.

Сите наставници се обучени за употреба на Информатичка компјутерска технологија (ИКТ) и нови образовни технологии во наставата. Во текот на имплементација на интегралната евалуација, беа реализирани часови со примена на ИКТ.

Задачите што се работат во училиштето или дома се планирани и поврзани со работата на учениците за време на часовите. Изборот на задачите и активностите, е добро приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. За децата кои од било кои причини подоцна се вклучуваат во образовниот систем им се овозможува да напредуваат со прилагодени програми и активности.

Наставниците најчесто ги споделуваат со учениците, целите на наставата и очекуваните резултати од учењето и истите им се јасни на повеќето ученици. Поучувањето е јасно и разбирливо, соодветно на возраста на учениците.

Во училиштето застапеноста на интерактивната настава е добра. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и главно нивниот придонес се

почитува. Постои интеракција наставник - ученик, а во помала мера е застапена и интеракција ученик - ученик.

Сите наставници со учениците се однесуваат на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка и разбирање, без да се прави разлика меѓу учениците во однос на нивниот пол, социјалното потекло, нивната етничка припадност и религиска припадност како физичка попреченост.

Училиштето има пропишана интерна процедура за следење на наставниот процес, истата редовно се применува, а секој наставник се посетува на час најмалку двапати во полугодие од страна на директорот или од стручните соработници.

### 3.3 Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите училиштето го доживуваат како безбедна и интеркултурна средина за учење. Заедничкиот училиштен простор е естетски уреден. Низ ходиците во училиштето, има изложени изработки на учениците, изготвени во рамките на проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието преку кои се отсликува мултиетничкиот карактер на Република Северна Македонија. Трудовите на учениците се изложуваат на видни места во училниците и училишните ходници, почитувајќи ги естетските норми.

Учениците сметаат дека по повеќето предмети, се учи на интересен начин. Содржините кои што се учат се корисни во реалниот живот и ги оспособуваат за активно учество во граѓанско, демократско и мултикултурно општество. За време на часот, поголем дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да размислуваат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Наставниците не ги искажуваат слабите страни на учениците пред други ученици или возрасни.

Повеќето ученици сметаат дека имаат можност да го искажат своето мислење и да преземат одговорност при решавањето на проблеми поврзани со учењето, во и надвор од наставата.

Поголем број на ученици сметаат дека интеракцијата со другите ученици е добра, а посебно во активностите што заедно ги остваруваат. Учениците заеднички работат на различни проекти, во и надвор од наставата, во групи со различен состав и големина. Учениците се чувствуваат прифатени и задоволни во паралелката и училиштето.

### 3.4 Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници, системски ги идентификуваат образовните потреби на учениците, како и пречките во процесот на учење на секој ученик и преземаат активности за нивно остварување, односно за нивно отстранување.

Нтааставниците, во соработка со стручните соработници и со ресурсен центар „Иднина" , а во рамките на Инклузивниот тим, за учениците со ПОП, наставата ја реализираат со ИОП или со диференциран пристап преку процесот на учење.

### 3.5 Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува законските и подзаконските прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците изготвуваат сопствени критериуми, со утврдени стандарди за оценување на учениците, според образовните потреби, кои се усогласени со критериумите за оценување на ниво на училиште. Учениците и родителите се запознаени со критериумите за оценување на постигањата по сите наставни предмети на првите родителски средби.

Наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и континуирано го следат и оценуваат напредокот на учениците. Застапено е формативно и сумативно оценување, кое кај поголем број на наставници е јавно и транспарентно. Оценувањето на постигањата на учениците со посебни образовни потреби се врши според Правилникот за начинот на оценување на учениците со попреченост донесен од Министерот за образование и наука.

Поголем дел од наставници им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и постигања, даваат насоки за подобрување на постигањата, а по потреба, ги вклучуваат учениците во дополнителна или додатна настава.

### 3.6 Известување за напредокот на учениците

Училиштето по разгледување на успехот двапати во првото и двапати во второ полугодие ги известува родителите за постигањата, редовноста и поведението на нивните деца.

Родителите на индивидални средби и на приемен ден од страна на најголем број наставници добиваат информации за постигнувањата, вклучувајќи и информации за личниот и социјалниот развој на нивното дете. Родителите на децата со посебни образовни потреби се запознаени со напредокот на ученикот предвиден во ИОП или Модифицирана програма. Наставниците го водат и редовно го ажурираат електронскиот дневник, сите родители имаат пристап до него и редовно се известуваат за постигањата, редовноста  и поведението на нивните деца.

# 4. Поддршка/помош на учениците

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава, истиот е осигуран во АД Осигурителна полиса-Скопје бр.080000082461 за период од 12.05.2023 до 12.05.2024 година. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор и ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Сите потенцијално опасни места во училиштето што не може да се избегнат во целост се посебно означени и од страна на наставниците учениците се информирани за можните опасности и се свесни за нивното присуство. Во училиштето има четири обучени од кадарот, за давање прва помош на учениците при несреќни случаи во училиштето и училиштето располага со пакет средства за прва помош. Училиштето има интерен акт - План за заштита и спасување - евакуација во случај на пожар и други елементарни непогоди. Училиштето во последните три години има изведено една симулативна вежба со учениците, вработените, Црвениот крст на РСМ, како и Противпожарна бригада на Град Скопје. За безбедноста на учениците во училиштето се грижи и обезбедување од Агенција за обезбедување имот и лица ,,ПАТРОЛ-ЛТД експорт-импорт ДООЕЛ - Скопје‘‘, ангажирано од страна на училиштето. Во училиштето инсталирана е интернет мрежа и телофонска врска, има громобранова инсталација, 11 хидранти кои се распоредени во училишниот објект и училишниот двор, а исправноста била проверена на 15.12.2022 година. Има и 9 ПП апарати кои редовно се сервисирани, односно сервисирањето на ПП апаратите е направено на ден 09.01.2023 година. Проверката за исправност на апаратите за противпожарна заштита на ПП апарати и хидранти е извршена од страна на фирмата ,,Биспаг противпожарна техника‘‘ - Скопје.

Училиштето има протокол како пишани документи (Куќен ред и Кодекс на однесување) во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните. Во училиштето нема насилство манифестирано од страна на возрасните и учениците. Од почетокот на оваа учебна година склучен е Меморандум за соработка со Макпетрол- ,,Крени глас против врсничко насилство“ и се одржани предавања, работилници, и поделени се флаери и брошури за заштита на учениците од насилно однесување, работилници и предавања за сајбер насилство, позитивни и негативни последици од користење на интернет и социјалните мрежи. Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето, а на потребите и грижите на учениците им приоѓаат чувствително, грижејќи се за нивните права, приватност и достоинство. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство.

Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци. Во училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, не консумираат алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. Училиштето има пишани процедури за регистрирање на појавата на ваквите состојби и постапување при секое отстапување од нив. За заштита на учениците од употреба на алкохол, цигари и наркотични супстанци училиштето организира предавања.

Во училиштето за учениците од прво до петто одделение се организирана исхрана за учениците (топол оброк). Преку јавна набавка спроведена од училиштето извршен е изборот на добавувач и склучен е Договор за топол оброк со ТП Кетеринг СИТИФУД Скопје. Советот на родители има формирано комисија за проверка на квалитет на храната за учениците и редовно се врши проверка и од Агенција за храна и ветринарство. Во училиштето се организираат предавања и активности за здрава исхрана.

Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот. Инклузивниот тим на училиштето ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на учениците. Училиштето соработува со родителите на учениците со посебни образовни потреби и преку поддршка на основното училиште со ресурсен центар ОУРЦ ,,Иднина’’ - Скопје има обезбедено и еден образовен асистент за ученик по добиена проценка од МКФ. Во училиштето нема ученик со физичка попреченост.

Пристапот во училиштето е приспособен на потребите на учениците со физичка попреченост. Просторот во ходниците и во училниците овозможува негово движење само на приземје. Во училиштето нема прилагоден тоалет за ученици со физичка попреченост.

Училиштето има пропишани процедури за обезбедување материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности што бараат вложување дополнителни средства.

## 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е на добро ниво. Последните три учебни години, на почетокот од ушебната година се организира машинско чистење на училиштето. Последното е направено на 30.09.2023 година од страна на СЕРТА ДООЕЛ - Скопје. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Училишниот двор е чист и хортикултурно уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целиот училишен простор, последната е извршена на 30.08.2023 година од ДТУ Зотокс ДООЕЛ- Служба за ДД заштита.

За учениците училиштето организира систематски прегледи, а за вработените санитарен и систематски лекарски преглед. Превентивниот здравствен лекарски преглед (систематски) на вработените извршен е во месец Јануари 2022 година во ПЗУ Санте Плус – Скопје, а санитарниот преглед на вработените е извршен во август 2023 во Центар за јавно здравје „Пролет“ - Скопје.

Во училиштето нема ученици со хронично заболување. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Притоа училиштето соработува со родителите и здравствените установи.

Секоја година се организира вакцинација, систематски прегледи и стоматолошки прегледи на учениците во согласност со Националната програма за здравствена заштита и за истото се води уредна евиденција. Грижата за здравјето на учениците е опфатена во годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и родителите во вакви ситуации и ги упататува до релевантни институции (здравствени установи, Центар за социјална работа и други).

## 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

За можностите за понатамошно образование училиштето им обезбедува на учениците јасни, точни и најнови информации. Професионалното ориентирање се врши најчесто од педагогот и психологот, кои во својата програма имаат предвидено работа за професионална ориентација со учениците од деветите одделенија, а училиштето редовно е посетувано од средни училишта кои нудат информации за уписите и се користат и промотивни материјали изготвени од средните училишта во градот. Советодавна помош за избор на занимање и образовна институција се врши во вид на предавања, работилници и посебно наменски часови за ученици од деветите одделенија на одделенскиот час.

Училиштето има целосен увид во однос на тоа каде учениците кои го завршиле основното образование во училиштето, го продолжиле понатамошното образование.

## 4.4 Следење на напредокот на учениците

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на учениците. Постои соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските раководители, предметните наставници и родителите за постигањата на учениците.

Наставниците подготвуваат извештаи и анализи, по квартали, за својата паралелка врз основа на индивидуалните евиденции за учениците, кои им се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар. Извештаите се достапни за сите други наставници. Родителите и учениците се информираат на одделенскиот час, родителски средби и советот на родители. За секој наставник има одреден термин за приемен ден и се организира отворена родителска средба на која се достапни сите наставници. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно ¬ образовниот процес.

# 5 Училишна клима

## 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето е препознатливо според добар квалитет на работење и постигањата на учениците во различни области, како и според остварувањето на визијата и мисијата на училиштето. Училиштето е инклузивно, безбедно и се грижи за здравјето на сите ученици, ја негува родовата еднаквост, мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција, младинскиот активизам и го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед.

Раководството на училиштето, води политика на взаемно почитување и рамноправен третман и однос кон сите вработени, без разлика на пол, етничка припадност, возраст и друго. Постои професионален однос помеѓу вработените, особено на ниво на активи, одделенија и училиште. Раководниот, стручниот и наставниот кадар имаат клучна улога во одржувањето на професионалниот однос помеѓу сите структури и позитивна атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и со посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат едни за други и за училиштето. Професионалниот однос помеѓу вработените има одраз и во однесувањето на учениците, кои без разлика на возраста, социјалниот статус и постигањата, во училиштето се чувствуваат безбедни и прифатени од сите вработени.

Училиштето има Кодекс на однесување, во кој се поставени принципите и правилата на однесување во училиштето на раководниот кадар, наставниците, стручните соработници, административно-техничкиот персонал, учениците и родителите. Кодексот е изработен со учество на претставници на сите засегнати за животот во училиштето. Училиштето има Куќен ред со кој се запознаваат учениците и родителите на првата родителска средба и кој е истакнат пред секоја училница.

Учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар.

Во училиштето нема закани, говор на омраза, провокации, навреди или пишани графити со негативни пораки. Учениците се рамноправни партнери во процесот на учење, имаат право да го искажат своето мислење-став и нивното мислење се зема во предвид.

Дисциплината на учениците е на добро ниво. Односот на учениците од ист и различен пол е коректен, со заемно почитување и соработка. Учениците и вработените ги почитуваат усвоените правила на однесување на училиштето. Проблемите во врска со поведението и дисциплината се незначителни. Во учебната 2022/2023 година биле изречени вкупно пет педагошки мерки и тоа усна опомена од одделенски раководител, додека во учебната 2023/2024 година на првото тромесечие изречени се вкупно пет педагошки мерки и тоа, усна опомена од Совет на предметни наставници. Отсуствувањето на учениците од училиште најчесто е од оправдани причини, болест, учество на натпревари и сл. Поведението на учениците на ниво на паралелка, генерација и индивидуално е примерно.

Родителите учествуваат во животот и работата на училиштето. Советот на родители во училиштето има донесено Деловодник бр.03-690/3 од 20.11.2013 година за работа на советот, каде се пропишани постапката и начинот на конституирање на советот, неговите цели, права и надлежности, а во истото е предвидено како да работи и функционира советот.

Училиштето го применува принципот на демократско учество на учениците и има формирана ученичка заедница на сите нивоа (од паралелка до училиште) според законите и целосно демократска процедура, која учествува во донесувањето одлуки за прашања што се од непосреден интерес за учениците. Учениците навремено и целосно се информирани од ученичката заедница за сите работи што се од нивен непосреден интерес и учествуваат во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето става акцент на постигањата на сите ученици. Наставниот кадар успешно ја организира средината за учење со поставување јасни и високи очекувања во однос на постигањата, редовноста и дисциплината на учениците. Учениците, исто така, имаат високи очекувања од самите себе и од другите, за повисоки постигнувања на ниво на училиштето.

За унапредување на личните постигања на учениците во училиштето се организираат слободни ученички активности. Учениците учествуваат и ги истакнуваат своите афинитети, желби и таленти. Се организираат натпревари од природните науки, литературни и ликовни натпревари, спортски натпревари, ликовни изложби, изложби на ученички творби, меѓуодделенски и одделенски натпревари, учество на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари. Постигнати се бројни резултати од учество на разни ученички натпревари при што се освоени прво, второ и трето место и награди од истото. Во училиштето има извештаи од постигнатите резултати на ученичките натпревари во одделенска и предметна настава за учебната 2020/21, 2021/22, 2022/23 година и тоа на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Позначајните дипломи, признанија и медали се истакнати на видни места во училиштето (огласна табла за пофалени и наградени ученици, изложени ученички трудови во училишниот хол и во училниците).

Училиштето личните постигања на учениците ги промовира на веб страната на училиштето, на фејсбук страницата на училиштето, преку извештаите, учество на телевизиски емисии, патронен празник и друго.

Доделувањето на награди и пофалници за постигањата на учениците најчесто се врши на тромесечие, полугодие, крај на учебна година, јубилеј, патронен празник на училиштето, конкурси, натпревари итн. Во училиштето постои критериум за вреднување на учениците при избор на ученик на генерација, но нема развиен систем за наградување на наставниците. Наградата за ученик првенец на генерацијата е рачен часовник и пофалница од училиштето.

Училишниот педагог прибира податоци за успехот, поведението и отсуствата на учениците и изготвува извештаи со статистички податоци, со споредбени показатели за исти периоди во различни учебни години. Резултатите од постигањата на учениците се внесуваат во полугодишните и годишните извештаи на училиштето.

## 5.3 Еднаквост и правичност

Во училиштето се води политика на еднаквост помеѓу сите ученици без разлика на национално, верско, пол и социјално потекло. Сите вработени во училиштето, правично се однесуваат со сите ученици. Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но исто така да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници.

Училиштето гради политика на меѓуетничка интеграција во образованието и младинско учество. Училиштето е вклучено во проектот на МОН за Меѓуетничка интеграција, преку реализирање на различни содржини и активности со партнер училиштето ООУ ,,Мустафа Кемал Ататурк“, преку кои учениците се запознаваат со културата, верата и традициите и на другите етнички заедници.

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на децата. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Учениците знаат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со комуникација, толеранција, стереотипи, предрасуди, дискриминација и др.

Училиштето постојано работи на создавање позитивна клима преку различни слогани истакнати во училиштето, реализација на теми на одделенски часови и презентации на стручни активи на таа тематика. Во училиштето има ученици со различни психофизички способности, како и ученици со пречки во развојот. Истите многу добро се прифатени, како од наставниците, така и од соучениците.

## 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Училиштето презема добро испланирани активности и организира средби за да ги поттикне родителите да се вклучат во подобрувањето на воспитно-образовната работа на училиштето на сите нивоа. Соработката на училиштето со родителите е јавна, транспарентна и перманентна. Училиштето континуирано презема разни активности за да ги вклучи родителите во воспитно – образовниот процес. Преку Советот на родители, родителите се вклучени во работата на училиштето, при што родителите се информираат за училишните активности во текот на годината, даваат предлози, мислење и сугестии за подобрување на воспитно-образовната работа.

Родителите имаат свои претставници во Училишен одбор и на тој начин се вклучени во управувањето со училиштето. Училиштето има пропишани демократски процедури за избор на претставници на родителите во Училишен одбор. Училиштето користи ефективни методи за комуникација со родителите преку организирање индивидуални и заеднички родителски средби, приспособувајќи се на времето што родителот го има на располагање.

На почетокот на учебната година на родителската средба и преку информативната брошура за родители, истите се запознаваат со работата на училиштето, со просторните

услови на училиштето, со правата и обврските на учениците, со правилникот за однесување во училиштето и др. Информациите што се однесуваат на сите аспекти од работата на училиштето, како што се: целите, организацијата, идните активности и нивото на постигања на учениците се јасни, разбирливи и им се достапни на сите родители во пишана форма. Раководниот орган и стручната служба имаат важна улога во одржувањето на добрата атмосферата во училиштето, остваруваат добра соработка со учениците, наставниците и родителите. Училиштето е вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување заеднички проекти, активности и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. Истата соработува со локалната самоуправа - учествува во одбележувањето на значајни настани, манифестации организирани во рамките на општината и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето. Општината и урбаната заедница е вклучена во подобрување на условите за работа во училиштето. Училиштето остварува соработка со деловната заедница и невладините организации, како што се: со Француската амбасада, со Францускиот институт – Скопје, со Руската амбасада, со Агенцијата за електронски комуникации, со МАКПЕТРОЛ, со Здружение „Ајнштајн“ – Скопје, Цементарница „Усје“ – Скопје и др.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1. Сместување и просторни капацитети

Училишната зграда е објект од цврста градба и тоа, подрумски дел, приземје и 2 ката, со вкупна корисна површина од 6417 m2. Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава според стандардите и Нормативот.

За изведување на воспитно-образовниот процес во училиштето има вкупно 33 простории за настава, од нив 17 кабинети и 16 училници, фискултурна сала, библиотека со читална, шест административни простории, осум помошни простории, една просторија за технички персонал и просторија за хаусмајстор. Големината на училниците соодветствува на бројот на учениците во паралелките. Училиштето располага со просторија за исхрана (кујна со трепезарија), свечена сала и базен. Свечената сала во одделни периоди се користи за реализација на наставата по физичко и здравствено образование за учениците од одделенска настава. Базенот е во функција, кој по добиена согласност од основачот е даден под закуп на Глобус Евент ДООЕЛ Скопје - Скопје, а секоја сабота, учениците можат бесплатно да го користат со тренер од 10:00 до 14:00 часот. Училиштето е даночен обврзник и сите термини за услугите кои ги издава училиштето (храна, ужинки, курсеви, екскурзии и сл.) се бесплатни за децата од социјален ризик во текот на школувањето. Издавањето на просторот под закуп е согласно законските регулативи, а добиените средства се контролирани од општина Центар и наменски се користат.

Училишниот двор е со површина од 3802 м2. Во рамките на училишниот двор е сместено повеќенаменско отворено спортско игралиште кое е целосно оградено и се користи за наставата по физичко и здравствено образование, со спортски терени за кошарка, фудбал и одбојка. Училиштето раполага и со повеќенаменски спортски балон за зимски услови, кој учениците го користат до 15:15 часот, а потоа се издава. Останатиот дел од училишниот двор е озеленета и хортикултурно уредена површина.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала за реализација на наставата. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна и ИКТ опрема и според приоритетите и потребите ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови за реализирање на воспитно - образовниот процес.

Од наставни помагала училиштето располага со 23 функционални ЛЦД проектори (21-статични и 2 подвижни), 23 смарт табли, 26 печатари, два мултифункционални печатари во боја, три фотокопири, 48 ПЦ компјутери за наставниците и стручни соработници и 18 лап топи. Исто така, преку ПЕИП - Проектот за унапредување на основното образование од Министерството за образование и наука, а преку Претпријатие

за продажба на книги, училишни и спортски помагала ,,Давка’’ обезбедена е опрема и наставни средства и помагала за природните науки. За спецификите и потребите за учениците со посебни образовни потреби специјалниот едукатор и рехабилитатор кој ги посетува користи и изготвува прилагодени наставни средства и располага со асистивна технологија.

Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето. Обезбедени се услови и во голема мера е застапено користење на ИКТ опрема. За таа цел, во најголемиот број на училници се поставени ЛЦД-проектори поврзани со компјутер или има смарт табла. Исто така, за паралелките од прво до шесто во кои се реализира настава по новата Концепција за основно образование донесена од Министерот за образование и наука. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет.

Училишната библиотека располага со најмногу пет книги по ученик, вклучувајќи и лектирни изданија. Библиотеката има комјутер со пристап до интернет и библиотечната евиденција за издадени и вратени книги се води уредно и во пишана и електронска форма. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и согласно работното време на библиотекарот.

Училишната библиотека располага со вкупно 17572 книги, 8060 по жанрови и 3200 белетристика 3200. Број на лектирни изданија е 6730. Фондот на книги постојано се надградува со набавка на нови лектирни изданија кои се предвидени во програмите. Од стручна литература располага со 185 стручни материјали, атласи и енциклопедии. Библиотекарот е одговорен за прием и распределба на бесплатните учебници и ја води библиотекарската секција, во чии рамки организираат акции за собирање на книги.

Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал според приоритетните потреби за реализација на наставните и воннаставните активности.

## 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има вработено наставници и стручни соработици за реализирање на воспитно-образовниот процес по сите наставни предмети и сите во моментот на интегралната евалуација имаат соодветно образование согласно со нормативите. Наставниот кадар е делумно обучен за работа со деца со посебни образовни потреби. За работа со тие деца, добиваат поддршка од специјалниот едукатор и рехабилитатор кој доаѓа еден ден во неделата, а е вработена во ООУ Гоце Делчев, Општина Центар. Раководниот, наставниот кадар и стручните соработници се обучени и реализираат активности за меѓуетничка интеграција.

Училиштето има обезбедено доволен број наставници за реализирање на воспитно-образовниот процес. Воспитно образовната работа во училиштето ја изведуваат 53 наставници (49 жени и 4 мажи), од кои на 50 ова им е матично училиште, раководен кадар, четири стручни соработници (педагог, психолог и двајца библиотекари). Од нив тројца наставници надополнуваат часови во ова училиште, а имаат друго матично училиште. Еден од наставниците е приправник и за него е определен наставник со звање-ментор. При изборот на наставниот кадар не е констатирана родова или друга дискриминација. Од наставниците, високо образование имаат 49 наставници, еден е со вишо образование и тројца се магистри. На неопределено работно време се 44 наставника и 9 наставника на одределено работно време.

Наставниците работат како тим во рамки на четири активи, еден од одделенски наставници и три од предметни наставници, и тоа природно група предмети, јазично општествена група предмети и актив на уметничка група предмети и спорт, кои придонесуваат за ефективно работење на училиштето. При ангажирање на наставничкиот кадар се земаат предвид законските и подзаконските акти и соодветната квалификација согласно нормативот. Во училиштето има вработено два библиотекари со полно работно време. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставничкиот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена.

Вработените стручни соработници, педагог и психолог кои даваат поддршка на наставниците во организацијата и реализацијата на наставата, следењето на напредокот на учениците, справувањето со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците. Стручните соработници во своите програми за работа

планираат и спроведуваат разновидни активности за работа со учениците и наставниците и секогаш се отворени за соработка.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Во училиштето има Програма за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот, педагогот и психолог, увид во планирањата и преку активностите на стручните активи. Во училиштето има стручни активи кои ги вклучуваат сите наставни предмети, редовно се состануваат и соработуваат особено во делот на изготвување на планирањата.

Училиштето редовно врши обучување и мотивирање на наставниците за континуиран професионален развој, кој е услов за успешна и ефикасна работа. Наставникот ги развива постојано своите компетенции со цел да постигне и одржи висок квалитет на наставата во согласност со современите трендови и со барањата на модерниот свет. Реализирани се обука, семинари и проекти за надградување и професионален развој на наставниците организирано од Министерството за образование и наука, Академија ЦЕС, Биро за развој на образованието, Smart up, Unicef, Usaid, Euopean Schoolnet Academy, Scientix, Ces Academy, Едуино Вебинар, Факултет за физичко образование, спорт и здравје – Скопје, МИОС – Тузла, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, Хера, Црвен Крст на РСМ, Француски културен центар, Француски Институт – Скопје и CREFECO, United states European Comand, Macedonian civc education centar, Education Week – Skott Mongomery, Асоцијација на најдобри наставници EX YU, Македонско еколошко друштво, Македонско биолошко друштво, Македонско географско друштво, Прогенз, Мировен корпус, Здружение на книжевници на Македонија и друго.

Следењето на развојните потреби на кадарот е многу добро. Училиштето учествува на голем број обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен. Постои соработка со наставници од други средни училишта, факултети и невладини здруженија во градот и пошироко.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Наставниот кадар има ажурирани портфолија за професионален развој. Училиштето има пропишано процедура за наставниците приправници за навремено определување на метори реализација на приправничкиот стаж.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Од непосредниот увид во документацијата се констатира дека училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење. Органите во училиштето се запознаени со финансиските активности на училиштето.

Училиштето изработува Годишен финансиски план и Годишен финансиски извештај, кој се доставува до Советот на Општината, по претходно разгледување од страна на Училишниот одбор. Училиштето покрај буџетската сметка има и сопствена сметка. Раководниот орган транспарентно и наменски ги насочува средствата од буџетот.

Училиштето има формирано Комисија за јавни набавки од страна на директорот, а има и лице од надвор (надворешен соработник) задолжен за јавните набавки. Постои документација за начинот на спроведување на јавните набавки. Постои транспарентност во финансиското работење на училиштето. Буџетот се користи наменски и за креативни цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина. Дел од средствата се реализират за одржување на хигиена на училиштето, со цел обезбедување подобри услови за учениците и вработените на повисок степен на хигиена.

Училишниот одбор на крајот на календарската година добива извештај за финансиските активности и финансиската состојба на училиштето. Училишниот одбор го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

Во училиштето, во последните три години не е извршена ревизија за финансиското работење од страна на надлежна институција

# 7 Управување, раководење и креирање политика

## 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулатива и Статутот на училиштето и сите се со важечки мандат. Работата на училишниот одбор е јасно дефинирана со Деловникот и Програма за работа на училишниот одбор. Состаноците се одржуваат и реализираат во согласност со деловникот за работа на училишен одбор. Училишниот одбор им обезбедува редовни информации за својата работа на другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Училишниот одбор има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите училишни структури. Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики и

води училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето, меѓуетничка интеграција во образованието и граѓански активизам.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени сите вклучени чинители во животот на училиштето и објективно го оценува работењето на вработените, го вреднува нивниот придонес во тимската работа и ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Директорот донесува одговорни одлуки, има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата, способност ефективно да делегира, комуницира и да раководи со вработените и нивниот развој. Успешно ги имплементира во училиштето промените во образовниот систем, се фокусира на приоритетите идентификувани во развојниот план/програма, редовно се самоевалуира, а во центарот на своето работење ги става постигнувањата на учениците и подобрувањето на работењето во училиштето. Има примери за воспоставени продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница, вклучувајќи партнерства со други училишта за реализација на активности за меѓуетничка интеграција во образованието.

Раководниот орган има компетенции за тимска работа и тоа го практикува при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Раководниот орган на училиштето е активен во реализирањето на училишните политики за инклузивноста, меѓуетничката интеграција во образованието и граѓански активизам.

## 7.2 Креирање на образовната политика

Мисијата и визијата на училиштето ја одразуваат државната и локалната образовна политика. Тие се прецизни, јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата, поддршка на активностите за инклузија, меѓуетничка интеграција и професионален развој на наставниците и унапредување на постигнувањата на сите ученици. Вработените ги познаваат и разбираат мисијата и визијата, а останатите чинители се запознаени со нив. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (вработените, структурите во училиштето, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на мисијата и визијата, која главно е насочена кон современа настава и градење на атмосфера на доверба, почитување и толеранција.

Училиштето има пропишани процедури за донесување училишни политики и континуирано вложува напори за подобрување на политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето, за инклузија, меѓуетничка интеграција во образованието, како и намалување на сите видови насилства во училиштата. Поттикнува младинско учество, антикорупциска едукација на учениците, недискриминација и еднаков пристап до квалитетно образование за сите.

Вработените, структурите во училиштето, учениците и останатите чинители активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките, како и во активностите за нивно остварување.

Резултатите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има план за следење и евалуација и индикатори за остварување на резултатите и тој план го реализира. Училиштето ги информира наставниците, учениците и родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

# 8. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

## 8.1 Силни страни

- Голема вклученост на учениците во вонаставните активности;
- Голем број на посетени обуки и вклученост во проекти на наставниот кадар;
- Високи постигања на учениците, голем број освоени награди и добро развиен систем за промовирање на постигањата;
- Воспоставен добар однос, грижа и пристап на наставниците кон учениците;
- Добра соработка со локалната заедница преку проекти, едукативни предавања и различни активности со учениците за различни воспитно - образовни цели.

## 8.2. Слаби страни

- Наставниците недоволно планираат примена на разновидни наставни техники, како и диференцирани активности за работа со талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат
- Училиштето не располага со нагледни средства, материјали и помагала за учениците со посебни образовни потреби (асистивна технологија).

## 8.3. Препораки

- **Да се планираат и редовно да се употребуваат наставни техники кои ја подобруваат интеракцијата на часот, како и диференцирани активности**

**за работа со талентираните ученици и учениците што потешко напредуваат;**

- **Да преземе мерки и активности за обезбедување на нагледни средства материјали и помагала за учениците со посебни образовни потреби (асистивна технологија).**

**Инспекциски тим:**

| | |
|---|---|
| **Јасмина Аврамовска, Раководител на инспекцискиот тим** | |
| **Драгослава Војницалиевска, Член на инспекцискиот тим** | |
| **Африм Салиу, Член на инспекцискиот тим** | |